

Програма на Европската Унија за Република Македонија
EUROPEAN INSTRUMENT FOR DEMOCRACY AND HUMAN RIGHTS




# ЧЕКОР КОН РОДОВА ЕДНАКВОСТ
# ОХРИД—СТРУГА РЕГИОН

Проектот е финансиран од
Европската Унија

Local Development Agency Struga
THE BLUE PROJECT

Проектот е имплементиран од
“Локална Агенција за Развој” - Струга и “Синиот Проект” - Охрид

Ментор на истражување:
Проф. Д-р Диана Белевска

Истражувачки тим:
ЗГ "Локална Агенција за Развој" – Струга
ЗГ "Синиот Проект" – Охрид

Стручни соработници:
Олгица Апостолова – проектен координатор

Лектура:
Милчо Јованоски

Благодарност:

Изработката на оваа студија претставуваше пред се предизвик, имајќи го во предвид фактот дека состојбата со родовата еднаквост во Охрид – Струга регионот до сега е парцијално истражувана. Областите како: пазар на труд, семејно насилство, жените во политиката и жените и медиумите се области во кои учеството на жената е од многу големо значење за напредокот на општествените и демократските движења во регионот, но и на национално ниво.

Поради тоа, пред се би сакале да им се заблагодариме на сите кои дадоа свој придонес кој е од огромно значење за изработката на студијата, но и за тоа што постојано го даваат својот придонес во имплементирањето на правата на жените во сите области. Тоа се:

Институции:

ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи - Охирд и Струга, Основен суд – Охрид; Основен суд- Струга; Секторите за внатрешни работи Охрид и Струга; Завод за вработување- Охрид.

Здруженија на граѓани во Охрид – Струга регионот:

Женски центар „Бисера"и „Младински совет" од Охрид; Организација на жени - Струга, Здружение на жени – „Езерка", Здружение на Власи, Здружение на граѓани: М Бела, и ЗРА „Аква" од Струга.

Комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите и Координаторите за еднакви можности помеѓу жените и мажите во Локалната самоуправа Охрид и Струга.

Медиуми:

ТВМ- Охрид, НТВ – Охрид; Супер Радио.

Особена благодарност изразуваме кон учесничките на Женските форуми и анкетираните лица, кои дадоа огромен придонес.

## СОДРЖИНА

1. *Информации за проектот*
2. *Методологија*
3. *Родовата еднаквост во регионот*
    - *Ниво на превенција*
    - *Ниво на формална и неформална заштита*
    - *Економската состојба*
4. *Родови механизми на национално и локално ниво*

    *4.1. Инстутуционални механизми за родова еднаквост на Централно (национално) ниво*
    - *Сектор за Еднакви Можности, Министерство за Труд и Социјална Политика*
    - *Координатори за еднакви можности на жените и мажите во Министерствата*
    - *Комисија за еднакви можности во Собранието на Република Македонија*
    - *Клуб на пратенички во Собранието на Република Македонија*

    *4.2. Родови механизми на локално ниво*
    - *Комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите:*
    - *Координатори за еднакви можности меѓу жените и мажите во единиците на Локалната самоуправа*.
5. *Постојна правна рамка од областа на женските права*
    - *Стратешки документи од областа на родовата еднаквост*
6. *Семејно насилство: Состојби и потреби во Охрид – Струга регионот*

    *6.1. Дефинирање на насилството во позитивното законодавство на Република Македонија*

    *6.2. Правна рамка и стратешки документи*

    *6.3. Охрид – Струга регион: состојби и потреби*

    *6.3.1. Охрид регион*
    - *Степен на информираност по однос на семејното насислтво, неговите видови и системите на заштита и превенција*
    - *Препознавање на трите основни вида на семејно насилство: психичко, физичко и сексуално:*
    - *Степен на појава на насилство и превземање мерки по однос на казнување на истото.*
    - *Степен на имплементација на законодавство*

*6.3.2. Струга регион*

- *Степен на информираност по однос на семејното насислтво, неговите видови и системите на заштита и превенција*
- *Препознавање на трите основни вида на семејно насилство: психичко, физичко и сексуално:*
- *Степен на појава на насилство и превземање мерки по однос на казнување на истото.*
- *Степен на имплементација на законодавство*

*7. Жените и политиката*

- *Законски одредби по однос на учеството на жената во политиката*

*7.1. Состојба Охрид – Струга регион*

*8. Жената и пазарот на труд*

- *Родов јаз, балансирање на јавен и приватен живот*
- *Жената на пазарот на труд: степен на информираност за дискриминација врз основа на пол: Состојба Охрид регион*
- *Дискриминација при вработување врз основа на пол*
- *Вознемирувањето врз основа на пол*

*9. Жената и медиумите*

- *Законски одредби*
- *Состојба Охрид – Струга регион*

*10. Граѓанско општество: Неформален систем на превенција, и активбости во насока на унапредување на родовата рамноправност: Охрид – Струга регион, состојба и потреби*

- *Превентивни активности*
- *Соработка со Локалната самоуправа и релевантни институции кои работат во областа на женски права*
- *Активности во рамки на неформалниот систем на заштита*

*11. Заклучоци и Препораки*

## 1. *Информации за проектот*

Проектот *Чекор кон родовата еднаквост* се имплементира во Охрид-Струга регионот во времетраење од 18 месеци.

Имплементатори на проектот се Локалната Агенција за Развој –Струга и Синиот Проект – Охрид.

Генералната цел на проектот е да се зајакне позицијата на жената во сите сфери на живеењето во Охрид и Струга регионот преку зајакнување на нејзините капацитети за застапување и преку зголемување на соработката на релевантните актери на локално ниво кои работат во областа, како и поддршка на социјалниот дијалог помеѓу различните поддржувачи.

Во рамките на овој проект се планира да се реализираат 7 различни активности:*Медиумска кампања* за подигање на свеста за родовата еднаквост во Охрид – Струга регионот. *Женски Форуми* во Струга и Охрид. Темите на дебатите ќе бидат од сите сфери од областа на родовите прашања. На Форумите ќе присуствуваат локални експерти од областа со цел презентирање на темите и давање совети. Форумите се од отворен тип и имаат за цел олеснување на дијалогот помеѓу институциите и целната група.

*Весник за родова еднаквост* во регионот (на теми кои се однесуваат на женските и родовите прашања; претставување на позитивни примери на успешни жени, презентирање резултати од истражувања на локално ниво, легислатива по однос на родови прашања и женски права на ниво на Европската Унија и Република Македонија). *Истражување за родова еднаквост во Охрид – Струга регионот.* Истражувањето ќе вклучи: Увид во позицијата на жената во различни области од живеењето (семејно насилство, медиуми, политика, пазар на труд); Улогата на локалните НВО-и, локалните институции, политичките партии, медиумите, агенциите за вработување, бизнис секторот; Заклучоци и Препораки за локалните и централните институции и невладини организации.*Обуки* за жени од Женските Форуми и организирање Обуки за членовите на проектниот тим.*Конференции во Струга и Охрид*. Целта на Конференциите е да се промовираат нови иновативни пристапи во третирањето на женските права и да се зголеми соработката помеѓу формалниот и неформалниот систем на заштита во областа на женските права.*Изработка на Акциски Планови,* кои ќе бидат доставени до *Комисиите за Еднакви Можности* во Локалната Самоуправа во Охрид и Струга*.*

## 2. *Методологија*

Студијата опфаќа четири области, како дел од концептот на женските права:

- Насилство врз жените: семејно насилство:
- Учеството на жената во процесот на одлучување (улогата на жената во политиката)
- Општествени фактори кои влијаат врз дискриминацијата на жената на пазарот на труд (жената и работните односи)
- Жената и медиумите.

Студијата се фокусира на две географски области: општините Охрид и Струга.

На почетокот беа разгледани постојните документи, анализи, планови кои се однесуваат на споменатите области во наведените општини, направени од страна на владините локални институции кои работат во областа, но и од стана на невладиниот сектор. Се направи увид во постоечката родова политика, програмите, акционите планови на двете локални самоуправи, како и организациите од граѓанскиот сктор, политичките партии, локалните медиуми, локални агенции.

Беа собрани и консултирани постојните тековни статистички податоци кои се однесуваат на бројната застапеност и положба на жената во наведените области.

Увид во состојбата беше направен на терен, со Фокус групи (Женски Форуми), на кои се идентификуваа проблемите и потребите во наведените области. ФОКУС ГРУПИ со жени од различни етнички, возрасни, професионални и социјални позадини беа одржувани во текот на проектот, преку кои се направи увид во потребите на жените вои наведените области на истражувањето.

Беше анализирана постојната законска регулатива и степенот на имплементација на истата, преку собрани податоци од иснтитуциите надлежни во областа.

Покрај формалното истражување, исто така беа направени и интервјуа со претставници од релевантните институции, здруженијата на граѓани, политичките партии, родови механизми на локално ниво (Комисиите за еднакви можности, Координаторите за еднакви можности при Локалната самоуправа Охрид и Струга), бизнис сектор, агенциите за вработување.

Во рамките на проектот се спроведе анонимен прашалник, дизајниран од тимот на истражувачи, составен од 5 области: – Општ дел: демографија на испитаничките; Семејно насилство; Пазар на труд; Политика и Медиуми. Прашалникот содржеше прашања кои се однесуваа на степенот на информираност на женската популација од 15 до над 46 години по однос на нивните права но и потреби во наведените области. Беше дистрибуиран до женска популација од рурална и урбана средина (200 прашалници во Охрид – Струга регион), приватни фирми, школи, државна администрација, политички партии, медиуми, Граѓанскиот сектор, невработени, учесничките на женските

форуми во рамките на проектот. Исто така беа запазени и етничките малцинства. За време на истражувањето беа дадени инструкции за спроведување на прашалникот, кој беше спроведен анонимно, при што интервјуираните после дадените инструкции сами го пополнуваа прашалникот без надзор на лицата кои го дистрибуираа.

Анализите вклучуваат споредбена анализа на податоци за увид во степенот на напредување, односно уназадување на имплементацијата на женските права во пракса, и ги идентификуваат основните и најфреквентни проблеми кои го спречуваат развојот на уживањето на правата на жената во општеството и семејството.

Исто така беа консултирани и документи од Европската Унија, ООН и Советот на Европа, со цел да се направи споредба, односно да се извлечат Заклучоците и Препораките до родовите механизми, локалната самоуправа, иснтитуциите кои работат во областите, невладниниот сектор, на локално но и национално ниво, како и родовите механизми кои работат на национлано ниво.

## 3. *Родовата еднаквост во регионот*

Женските права се регулирани во Република Македонија како демократска држава на де јуре ниво, што значи, дека тие права се инкорпорирани во македонското законодавство.

Проблемот се појавува на де факто нивото, односно имплементација на законските одредби кои се однесуваат на жените во сите сфери на живеењето. Мултинационалниот карактер на популацијата во регионот Охрид – Струга исто така допринесува за зголемената потреба за превземање активности во насока на заштита на женските права. Родовите стеротипи по однос на родовите улоги на обата пола во приватниот и јавниот живот сеуште се многу присутни во регионов.

Што се однесува до состојбата со родовите прашања во Република Македонија, односно еднаквите можности на мажите и жените на пазарот на труд, може да се даде една општа констатација дека сеуште постојат изразени тенденции на дискриминација на жените. Сеуште се силно присутни родовите улоги, односно поделбата на родовите улоги во семејството и во другите сегменти на општеството (културата, политиката, спортот). Постоењето на стереотипи преку кои се дефинира улогата или улогите на жената, влијае врз помалото учество на жената на пазарот на труд, почнувајќи од помалата стапка на активност, вработеност, родова сегрегација на професиите, помалото учество на жените на позициите на моќ и одлучување, небалансиранотс на професионалниот и приватниот живот, родовиот јас во платите, родовата карактеризираност на сиромаштијата, слабо развиените системи за социјална заштита и сервиси, слаба имплементација на законодавството по однос на еднаквото учество на пазарот на труд и анти-дискриминатосрките одредби, како и заштитните системи.

Проблемите кои се однесуваат на родовите прашања во Охрид – Струга регионот може да бидат поделени на следниве нивоа:

- *Ниво на превенција:*

Во овој регион има потреба систематски пристап на активности кои имаат за цел информирање на жените за нивните законски права и за механизмите за заштита.

- *Ниво на формална и неформална заштита:*

Промените во неколку закони со воведувањето мерки за заштита на женските права во дадените области (Закон за работни односи; Кривичен Законик; Закон за извршување санкции; Закон за радиодифузија; Закон за средно образование; Закон за високо образование; Закон за политички партии; Закон за внатрешни работи; Закон за сидови; Закон за избор на пратеници; Закон за локални избори; Изборен Законик; Закон за наследвање; Закон за семејство) како и стапувањето на сила на Законот за еднакви можности на жените и мажите, воспоставија една правна рамка која ги третира женските права. Но, сепак, механизмите за нивна имплементација се соочуваат со препреки за соодветна имплементација на законските одредби, односно конкрета реализација на заштита на женските права.

Неформалниот систем на заштита во овој регион е слаб, без континуитет во активности и парцијално дејствување.

- *Економската состојба:*

Поточно лошата економска состојба, невработеноста или вработеноста на жените на работни места со пола работно време допринесуваат за финансиска зависност и воедно немоќ на жените за покренување иницијативи и постапки за заштита на своите права во случај кога се тие повредени.

## 4. *Родови механизми на национално и локално ниво*

### 4.1. *Инстутуционални механизми за родова еднаквост на Централно (национално) ниво*

Со добивањето на кандидатскиот статус во 2006 година, Република македонија го постави Членството во Европската Унија како една од нејзините стартешки цели.

Зачленувањето во Европската Унија стана објектив на политичките амбиции на Република Македонија, односно значајна пресвртница која го определи целокпното функционирање на државата. Трансформацијата и реформските процеси што се превзедоа за остварување на целта – влез во Европската Унија, претставуваат огромен проект во чија реализација не учествуваат само државните институции и органи, туку и сите граѓани на државата. Меѓу подготвителните активности за влез во Европската Унија првенествено значење добија: имплементирањето на европското законодавство во правниот поредок, примена на европските стандарди во доменот на економските активности како градење на европски стратегии и политики преку кои ќе се насочи равојот на различни области од општеството, како и почитувањето на многу други препораки, правила и примена на критериуми врз кои функционира Европската Унија.

Станува збор за провоцирање на коренити промени кои што претставуваат предуслов за интегрирањето на Република Македонија во Европската Унија. Промени од ваков вид не само што бараат подплг временски период и огромно залагање на институциите како предводници на реформите, туку и посебна поддршка на граѓаните кои се јавуваат во улога на едни од главните носители на процесот на Евроинтеграцијата.

Меѓу значајните компоненти во контекст на евроинтеграциските процеси е родовата компонента, односно еднаквите права на мажите и жените.

Република Македонија како демократска и социјална држава ги гарантира еднаквите права и слободи на сите граѓани во државата. Еднаквоста помеѓу половите е загарантирана со Уставот на Република Македонија, во делот на граѓанските и политичките слободи и права, Член 9 во кој е наведено: *“граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верско уверување, имотната и општествената положба”.*

- *Сектор за Еднакви Можности, Министерство за Труд и Социјална Политика*

Во јануари 1997 година со одлука на Владата на република Македонија, а во согласност со Пекиншката Декларација и Платформа за Акција усвоени на Четвртата Меѓународна Конференција на Жените во Пекинг 1995, е формирано Одделението за унапредување на рамноправноста помеѓу половите во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Врз основа на актот за систематизација и организација на Министерството за труд и социјална политика, во Март 2007 година во рамки на министерството е формиран Секторот за Еднакви Можности (Сектор). Според Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика(*1*), врз основа на со Член 6 од Правилникот во рамките на Секторот функционираат две Одделенија, и тоа: Одделение за родова рамноправност и Одделение за превенција и заштита од секаков вид дискриминација. Според Член 12 од Правилникот, Одделенијата ги имаат следниве надлежности:

∗ *Одделение за родова рамноправност* согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите се вршат работи и работни задачи за унапредување на статусот на жените во сите сфери на општественото живеење (*2*) преку:

Промовирање на родовата рамноправност и принципот на еднакви можности, воспоставување на родовиот концепт во тековните политики на локално и национално ниво, активности за имплементација на Националниот План за Родова Еднаквост и соодветните Оперативни Планови, водење постапка за утврдување на нееднаков третман, соработка и координирање на работата на Координаторите за еднакви можности во органите на државната управа, како и соработка со Коорединаторите за еднакви можности меѓу жените и ммажите и Комисиите за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво, се грижи за имплементација на Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, активности во насока на упатување на жртви на трговија за луѓе, изработка на анализи, мислења и изештаи кои се поднесуваат до Раководителот на Секторот.

∗ *Одделение за превенција и заштита од секаков вид дискриминација* “согласно Универзалната декларација за човекови права, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, Меѓународната спогодба за економски, социојални и културни права, Меѓународната спогодба за граѓански и политишки права, Конвецијата за борба против организираниот транснационален криминал и Протоколот од Палермо и останатите меѓународни конвенции и документи кои Република Македонија ги има ратификувано или потпишано се вршат работи и работни задачи со цел промовирање на активна и јасна политика во областа на заштитата од дискриминација врз основа на (пол, етничка, старосна, сексуална ориантација, лица со посебни потреби како и двојната дискриминација на индивидуалци поради нееднаквиот третман во сферата на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување)(*3*)”.

*Главна задача на Секторот е позитивно да влијае на унапредувањето на статусот на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот за Еднакви Можности на жените и мажите, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и заштита од дискриминација (врз основа на пол, етничка припадност, возраст, сексуална ориентација, лица со потреби потреби како и двојната дискриминација на индивидуите поради нееднаквиот третман во сферата на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување)(4).*

- *Координатори за еднакви можности на жените и мажите во Министерствата*

Во согласност со Чл. 13, 16 и 7 од Законот за еднакви можности на мажите и жените во рамките на Министерствата се назначуваат Координатори за еднакви мжности, кои се државни службеници и имаат надлежност да ги следат активностите од аспект на еднаквите можности на жените и мажите и да го информираат Секторот за Еднакви можности за донесувањето одредени предлози и решенија од областа на родовата рамноправност(*5*).

- *Комисија за еднакви можности во Собранието на Република Македонија*

Врз основа на Член 117 од Деловникот на Собранието на Република Македонија(*6*), според кој: “Собранието основа постојани и повремени работни тела. Работните тела разгледуваат предлози на закони, и на други акти што ги донесува Собранието, како и други прашања од надлежност на Собранието и вршат други работи утврдени со овој деловник”, и Член 11, став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите се регулира формирањето и составот и надлежностите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици. Комисијата функционира од септември, 2006 година.

∗ *Надлежности на Комисијата за еднакви можности*:

Комисијата разгледува прашања што се однесуваат на:

– Разгледување на предлозите на закони и другите прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, семејството и грижата за децата, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив;
– Разгледување на предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите;

- Следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- Следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика ;
- Иницира донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите;
- Поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите;
- Редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите;
- Соработката со соодветните комисии на другите земји и
- Разгледува други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите (7).

Во рамките на проектот за потребите на истражувањето и весникот беше направено интервју со Члека на Комисијата за еднакви Можности при Собранието на Република Македонија, од Струга, врз основа на кое се согледаа следниве потреби:

**Соработка со родовите механизми на локално ниво** (Комисијата и Координаторот за еднакви можности во Локалната самоуправа)

Соработка и развиени механизми на соработка во рамки на надлежностите нема. Но постои потреба, како и желба за иницирање на соработка.Локалната Комисија за еднакви можности има своја програма, исто така и Парламентарната Комисија по која веќе работи. Прв чекор би бил усогласување на заедничките приоритети, во рамки на кои би се утврдиле механизмите на соработка како, и нивна примена во текот на 2009 година. Како механизми на соработка кои се посочени од страна на членката на Парламентарната Комисија се: отворени трибини, дебати со невладините организации но и со граѓаните на локално ниво. Механизмите би се употребиле за отворено дискутирање на теми за еднаквите можности помеѓу жените и мажите.

**Клучни области на работа и соработка со НВО секторот**

Се истакнува големата соработка со НВО секторот кој ги третираат проблемите на семејното насислтво, родовата еднаквост во Струга но и во руралните средини во текот на 2008 и 2009 година.

**Систем на собирање и размена на податоци и Механизми на подобрување на соработката со Комисијата за еднакви можности на локално ниво**

Се нагласува интересот и потребите за соработка преку различни активности кои би се одржувале во иднина преку пратеничката канцелчарија во Струга. Се издвојува анкетата и отворените дебати, во со работка со комисијата на локално ниво, како метод за собирање податоци и увид во потребите односно проблемите со кои се соочува жената на локално ниво, особено на жените од руралните средини. Соработката со Комисијата на локално ниво не е развиена, и постои потреба од оспоставување на истата.

- *Клуб на пратенички во Собранието на Република Македонија*

Во рамките на Собранието на Република Македонија функционира и Клуб на пратенички, како неформално тело. Клубот на пратенички е формиран на 7 март 2003 година во рамките на регионалниот проект на Пактот за стабилност - Маса за родова рамноправност, со помош на локалните партнери Македонско женско лоби, СОЖМ/НСЖМ и Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика. Во изминатите пет години Клубот на пратенички имаше за цел да ја разгледа постојната и да предложи нова законска регулатива во областа на родовите прашања. (www.sobranie.gov.mk).

*4.2. Родови механизми на локално ниво*:

- *Комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите:*

Согласно Статусот на Советите на локалната самоуправа, согласно Член 32 од Закон за Локална Самоуправа во рамките на Советите при Локалната самоуправа се формираат Комисии. Врз основа на Членот 16, став 2 од Законот за Еднакви Можности помеѓу жените и мажите, единиците на Локалната самоуправа се обврзани да формираат Комисии за еднакви можности помеѓу мажите и жените. По Локалните избори 2009 на територијата на Република Македонија се формирани околу 75 Комисии за еднакви можности(*8*).

Според Законот за еднакви можности, Единиците на локалната самоуправа се должни да формираат комисија за еднакви можности, како постојано тело со одлука на советот при единиците на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статусот на единицата на локалната самоуправа. Комисиите за еднакви можности во рамките на своите задачи треба да го следат имплементирањето на Законот за еднакви можности, да се грижат за воведувањето на родовиот концепт на локално ниво, даваат мислења на Советот и другите Комисии во Советот на општината со цел имплементација на родовиот концепт, како и да го информираат Советот и Координаторот за еднакви можности за својата работа. Комисиите исто така треба да доставаат годишен извештај до Министерството за труд и социјална политика.

За потребите на истражувањето, во рамки на проектот се спроведоа интервјуа со претседатели и членови на Комисиите за еднакви можности во Локалната самоуправа во Охрид(*9*). Врз основа на тие интервјуа беа донесени следниве заклучоци и потреби:

- **Области** кои беа издвоени на кои ќе работи Комисијата се: лоцирање на проблемите на женската популација во нашата општина, од типот на семејно насилство, дискриминација при вработувањето, каква е имплементацијата на жените во политиката воопшто, дали е застапен тој процент повеќе од 30 посто на жените , дали жените само како бројка се застапени или се на некоја одговорна функција и на важни, видни места, врз основа на нивните способностои за да не бидат само проста бројка од процентуална застапеност туку и квалитативно жените да се вметнат во сферата на општественото живеење. Оваа Комисија има за цел да ги лоцира промените во законите и Уставот на РМакедонија кои што се однесуваат на правата на жените во земјата и на некој начин тие права да ги пренесеме на женската популација во нивната средина за да може што повеќе да се подобри статусот на жената во нашето општествоКомисијата откако ќе ги лоцира проблемите, ќе ги следи и Законските промени во правата на жените во Македонија, за да се подобри нивниот статус и да се остварат нивните права, како и да се направи баланс во учеството на мажите и жените во општественото живеење. Комисијата за еднакви можности при Советот на Локалната самоуправа Охрид, е меѓу првите Комисии кои се формирани на територијата на Република Македонија.
- **Механизми на соработка** – со Комисијата од претходниот мандат се вели дека има голема соработка, и покрај тоа што новата комисија сеуште не почнала со интензивна работа, се во постојан контакт со членовите од претходниот состав, при што се истакнува големата поддршка. Исто така се истакнува дека соработката ќе продолжи во иднина, со тоа што се истакнува дека комисијата од минатиот мандат била една од најактивните во Македонија, со тоа што нивното искуство и соработка со нив е многу значајно.
- **Методи за собирање податоци** – како механизми и методи за собирање податоци се посочени анонимните анкети преку кои се лоцираат проблемите, исто се консултираат податоците кои постојат на национално ниво (Државен Завод за статистика), но постои потреба од собирање податоци на локално ниво. Врз основа на собраните податоци и нивната анализа се гради стратегијата за работа.
- Потреба за **зајакнување на капацитетите** на Комисијата: еден дел од членовите на комисијата присуствувале на обуки („Жените тоа го можат“ во организација на невладина организација, обуките од германската фондација Фридрих Хеберт. Центарот за демоктарски институт професионална обука за советнички и градоначалнички) но не како членови на Комисијата, туку како претставнички на Политички Партии. Се истакнува и пренесувањето на искуства при работењето помеѓу членовите на Комисијата.

- **Соработка со невладиниот сектор:** Истакнато е дека постои соработка со невладиниот сектор, преку одржување трибини и друг вид состаноци во организација на невладиниот сектор со цел унапредување на стаусот на жената во оштеството.
- Исто така е истакната соработката со Министерството за труд и социјална политика, односно Секторот за еднакви можности.

- *Координатори за еднакви можности меѓу жените и мажите во единиците на Локалната самоуправа.*

Во рамките на Локалната самоуправа, согласно Член 16 став 2 од Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите - единиците на Локалната самоуправа се должни да определат лице од редот на вработените или други лица компетентни и стручни за исполнување на обврските на Координатор за еднакви можности на жените и мажите. Координаторот има статус на државен службеник и во рамките на своите надлежности се гриќи за имплементирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите, соработува со Комисијата за Еднакви Можности, со НВОте, здруженија на работодавци, се грижи за имплементирање на родовиот концепт во другите сектори на Локалната Самоуправа.

За потребите на истражувањето беа спроведени интервјуа со Координаторите за Еднакви Можности помеѓу жените и мажите во Локалната самоуправа Охрид и Струга(*10*).

Интервјуата беа направени со цел увид во надлежностите, активностите, резултатите но и потребите на Координаторите, нивната соработка со останатите сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа, со Комисијата за еднакви можности.

- Улога и надлежности на Координаторот:

Улогата на координаторот е да ги насочува активностите на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените, да обезбедува административна и стручна подршка на Комисијата, да дава иницијативи за унапредување, развивање и утврдување на принципите на еднакви можности на мажите и жените, како и да ја превенира и да се залага да нема родова дискриминација помеѓу половите.

- *Соработка со Комисијата за еднакви можности во Советот:*

Во двете општини се истакнува успешна соработка со Комисијата и со Советот, при што како проблем се јавува немањето простор на Комисијата за еднакви можности. Во изминатиот период Комисијата за еднакви можности при Советот на општината Охрид бележи активности и учества на меѓународен проект за родова еднаквост на тема "Унапредување и воспоставување што поголема рамноправност на еднаквите можности на мажите и жените". Во рамки на проектот биле опфатени Комисии од Република Бугарија, СР Југославија и 3 општини од Македонија. Покрај, Охрид во проектот учествувале општините Карпош и Штип. Комисијата за еднакви можности при општина Охрид учествувала на неколку работилници организирани од Министерството за труд и

социјална политика и една работилница организирана од НВО „Антико“ од Скопје. Во Струга се истакнува успешната соработка, и успехот на Комисијата за запазување на законската одредба за 30% застапеност на жените во партиските лисити на советници.

– *Застапеност на принципот на родова еднаквост во општинската администрација.*

Овој принцип е почитуван, при што, во општинската администрација во Охрид соодносот мажи – жени е 55 со 45 проценти од она што значи вкупен број на вработени во администрацијата, а исто така жени се поставенина раководни места во локалната администрација. Во општинската администрација во Струга, се истакнува дека повеќе од 50% од вработените во Локалната самоуправа да се жени.

*5. Постојна правна рамка од областа на женските права*

Националното законодавство на Република Македонија содржи низа законски одредби во рамки на кривичното, граѓанското и управното законодавство, со кои жената правно е заштитена од дискриминацијата врз основа на пол, и тоа во јавниот и приватниот живот, во сферата на образованието, пазарот на труд, медиумското претставување, здравствената заштита, социјалната политика, жовековите права, политичкото дејствување итн(*11*).

– *Закон за еднакви можности на жените и мажите* (Службен весник на РМ, бр. 66/06)

Со овој закон се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности, постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, правата и должностите на Застапникот за еднакви можности на жените и мажите како определено лице за спроведување на постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и обврските на субјектите кои учествуваат во таа постапка. Цел на овој закон е промовирање на принципот за воспоставување еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област, како и во другите области од општествениот живот.

Законот за еднкави можности на жените и мажите се заснова на следните начела:

* Начело на рамноправност и почитување на човековото достоинство;
* Начело на недозволување на дискриминацијата;
* Начело на воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во главните општествени текови (gender mainstreaming)
* Начелои на еднаков третман во пристапот на жените и мажите во вработувањето, стручното образование и унапредување на работбите услови;
* Начело на еднаков третман во социјалното осигурување;
* Начело со кое се овозможува секое лице да има можност да заработува за живот преку слободно избрана работа;
* Начело на обезбедување на еднакви услови за работа на сите работници(*12*).

- *Стратешки документи од областа на родовата еднаквост*

Национален план за родова рамноправност на Република Македонија, 2007 – 2012. Стратешки документ на Владата на Република Македонија, изработен согласно член 11 од Законот за еднакви можности.

"Националниот план за акција за родова рамноправност претставува стратешки документ на Владата на Република Македонија кој ги дефинира целите и мерките како и клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот и воспоставувањето на еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија за периодот 2007 - 2012(*13*)".

Во националниот план за акција за родова рамноправност се поставени десет стратечки области, преку стратешки цели и активности кои треба д асе реализираат во предвидениот период.

Десетте стратешки области на дејствување се:

* Човековите права и жената;
* Жената во процесите на одлучување;
* Жената и здравјето;
* Жената и социјалната заштита;
* Жената и образованието;
* Жената и вработувањето;
* Жената и насилството;
* Жената и медиумите;
* Жената и мировните активности;
* Жената и животната средина.

## 6. Семејно насилство: Состојби и потреби во Охрид – Струга регионот

### *6.1. Дефинирање на насилството во позитивното законодавство на Република Македонија*

Во позитивното законодавство на Република Македонија се сретнуваат следните дефиниции за семејно насилство:

Кривичен Законик на Република Македонија, Член 122, став 19:

“Под семејно насилство се подрзабира малтретирање, грубо навредување, загрзоување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насислтво со кое се предизвикува чувтсво на несигурност, загрзоување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинстви, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи”.

Закон за семејство, Член 99

“Под семејно насилство се смета однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално илии работно искористување на друг член на семејството.

Како семејно насилство се смета однесување сторено:

* Од едниот брачен другар врз другиот брачен другар, кои живеат или живееле во брачна или вонбрачна заедница или во кој било вид на заедница како семејство или ако имаат заедничко дете;
* Меѓу браќа и сестри, полубраќа и полусестри;
* Над дете;
* Над постарите членови на семејството и,
* Над лица-членови на семејството чија деловна способност е делумно или целосно одземена”.

### *6.2. Правна рамка и стратешки документи*

Во Република Македонија не постои посебен закон за семејно насилство. Семејното насилство е регулирано со Законот за семејство и Кривичниот Законик на Република Македонија, со измените и дополнувањата во 2004 година. (Службен весник на РМ бр.19 од 30 март 2004).

Семејното насилство е санкционирано во рамките на следните глави на посебниот дел од Кривичниот Законик на Република Македонија:

* Кривичните дела против животот и телото (Убиство, Убиство на миг, Телесна повреда и Тешка телесна повреда);
* Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот (Присилба, Противправно лишување од слобода и Загрозување на сигурноста);
* Кривични дела против половата слобода и половиот морал (Силување, Обљуба врз немоќно лице, Полов напад врз дете и Посредување во вршење проституција).
* Кривични дела против правосудството (Неизвршување наредба).

Закон за семејство

Граѓанскиот систем, односно грашанските наредби за заштита се пропишани во Законот за семејство, со измените од 2004 година. Во рамки на законот е инкорпорирана Глава 7 која гласи "Нарушени односи во бракот и семејството". Во рамките на оваа глава се регулира прашањето на семејното насилство.

Во 2006 донесени се измени и дополнување на Законот за семејствотото (,,Службен весник на РМ,, број 33/06), со кои е утврдена конкретна надлежност за поединечни институции ( МВР, МЗ и судот) за извршување на изречени привремени мерки на заштита.

Во 2007 донесен е Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки на заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од ЦСР и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот ( ,,Службен весник на РМ,, број 103/07)

Закон за еднакви можности на жените и мажите**:** Член 3 од овој закон ја забранува дискриминацијата врз основа на пол.

Стратешки документи**:**

Национален план за родова еднаквост 2007 - 2012: Министерство за труд и социјална политика: Во рамки на овој план е предвидена Глава 7: Жените и насилството, во кои се предвидени цели и мерки за заштита од семејното насилство, кои се реализираат во рамки на годични Оперативни планови.

Национална стратегија за заштита од семејното насилство 2008 – 2011, Министерство за труд и социјална политика. Во рамки на стратегијата се предвидуваат цели и мерки за превенција и заштита од семејното насилство.

*6.3. Охрид – Струга регион: состојби и потреби*

Во рамки на проектот е спроведено истражување-прашалник за степенот на иснформираност на женската популација од 15 до 46+ возрасни групи по однос на препознавање на проблемот но и информираност по однос на системите на заштита.

*6.3.1. Охрид регион:*

Во Охрид регионот се спроведе анкетирање на 100 лица од женски пол на возраст 15 - 46+, од различни социјални, етнички, верски, образовни, работни позадини, брачен статус.

Демографски карактеристики на испитаничките: Од вкупно 100 испитанички, 8% се на воразст од 15 – 25 години, 72% на возраст 26 - 45, а 20% на возраст од 46+. Во рамките на испитувањето се испитани 89 претставнички (89%) од град а 6 испитанички или 6% од рурални средини (5 испитанички не одговориле на ова прашање). Националностите се исто така запазени, со тоа што има 87% од македонска, по 4% од албанска и турска националност, 2% од влашка, 1% од белоруска а 2 %не се изјасниле за националноста.

Категоријата вработеност и сектор ги дава следниве податоци: 97% се во работен а 3% не се во работен однос.

- *Степен на информираност по однос на семејното насислтво, неговите видови и системите на заштита и превенција*:

На прашањето дали знаат дека семејното насилство е кривично дело и е казниво (Графикон бр.1) се добиени следниве податоци: 98% знаат а 2% од испитаничките не знаат дека доколку семејното наилство е кривично дело и е казниво.




Графикон бр.1: *Степен на информираност за семејното насилство како кривично дело*

Истот процент на испитанички во ист соодност, 98% одговориле да, 2% одговориле дека не го препознаваат семејното насилство. 27% од испитаничките се изјасниле дека биле сведоци на семејно насилство, 72% не биле, а 1% не дале одговор на прашањето. 81% од испитаничките знаат каде треба да се обратат во случај на семејно насилство, 16% не знаат, а 3% не одговориле.

- *Препознавање на трите основни вида на семејно насилство: психичко, физичко и сексуално:*




Графикон бр.2: *Препознавање на трите основни вида на семејно насилство: психичко, физичко и сексуално*

Врз основа на добиените податови наведени во Графиконот бр.2, од вкупно 100 испитанички, 94 испитанички (94%) го препознава психичкото насислтво, а 5 испитанички (5%) не знаат што е психичко насилство, една испитаничка не дала одговор. Физичкото насилство од вкупниот број на испитанички го препознаваат 98 (98%), и 1 испитаничка (1%) не знае што е физичко насилство, и 1 испитаничка, или 1% од вкупниот број на испитанички не дале одговор. Сексуалното насилство го препознаваат 97 (97%) од вкупниот број на испитанички, 2 испитанички (2%) не го препознаваат сексуалното насилство и 1 испитаничка (1%) не дала одговор.

- *Степен на појава на насилство и превземање мерки по однос на казнување на истото.*




Графикон бр.3: *Степен на појава на насилство и превземање мерки по однос на казнување на истото*

Од 100 испитанички во Охрид регионот (На прашањето дали биле жртва на семејно насилство и на кој вид), 7 одговориле дека биле жртви на семејно насилство, од кои 3 на психичко, 1 на физичко насилство а 3 и на психичко и на физичко насилство. Сексуалното насилство не е пријавено во ниту еден случај, и покрај тоа што беше наведено во прашалникот. 2 од жртвите побарале помош, а само 1 од вкупно 7 жртви покренала кривична постапка против насилникот што би претставувало покеренување на постапки во 14,2% од случаите.

Врз основа на добиените резултати (Графикон бр.3) може да се утврди дека степенот на пријавување на насилството е многу мал, а уште е пониска стапката на покренување на кривични постапки против сторителот на истото.
Врз основа на добиените податоци (7% жртви во соодност со 27% сведоци на семејно насилство) укажува на фактот дека насилството е присутно во висок степен, но не се признава и не се пријавува.

Од добиените одговори може да се утврди дека психичкото насилство е најтешко за идентификување, припто се јавува потреба за информирање по однос на истото.

Исто така се утрвдува фактот дека сексуалното насилство сеуште претставува табу тема, што од друга страна повлекува потреби за превземање на системастки и конкретни активности за препознавање на истото.

Степенот на превземањето мерки за пријавување или казнување на насилството е многу мал, што појавува потреба од информирање на женската популација за системите за заштита и превенција од семејно насилство, односно нивно охрабрување за пријавување и покренување постапки за казнување на истото.

- *Степен на имплементација на законодавство:*

За потребите на истражувањето во рамки на проектот “Чекор кон родова еднаквост” беа испратени Барања до релевантните институции кои работат на областа на семејното насилство (ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјална Работа Охирд, Сектор за внатрешни работи – Охрид и Основен Суд - Охрид**.**

Период: 2008 година:

Сектор за Внатрешни работи: регистрирани случаи на семејно насилство: 106. Усно или писмено предупредени се 43 лица, 38 барања се поднесени за поведување прекршочна постапка, се поднесени 25 кривични пријави.

ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјална Работа Охирд: евидентирани 47 жртви на семејно насислство (42 жени/ 5 мажи).

Основен Суд Охрид: 11 Предмети, од кои 6 постапки завршени/отфрлени, 1 постапка запрена, 3 постапки во тек и 1 постапка одбиена.

Врз основа на добиените податоци може да се заклучи дека степенот на имплементација на законодавството по однос на семејно насилство е исклучително низок. Односно, правосилна пресуда нема, или тоа би посочувало на 0% казнување на насилникот.

*6.3.1. Струга регион:*

Во Струга регионот се спроведе анкетирање на 100 лица од женски пол на возраст 15-46+, од различни социјални, етнички, верски, образовни, работни позадини, брачен статус.

Од вкупниот број на испитанички 10 испитанички се на возраст од 15 -25 се, 32 испитанички (32%) се на возраст 26 – 35, 42 испитанички (42%) на возраст 36 – 45, и 16 испитанички (16%) на возраст на 46+ години. 74 испитанички (74%) се од град, 25 испитанички (25%) се од рурална средина а 1 испитаничка (1%) не дала одговор за место на живеење.

Од вкупно 100 испитанички, 80 испитанички (80%) се од македонска, 13 испитанички (13%) од албанска, 1 испитаничка (1%) од турска националност, 3 испитанички ( 3%) од влашка, 1 испитаничка (1%) се иазјаснила како еѓипќанка, а 1 испитанички (1%) не се изјасниле за националноста.

Категоријата вработеност и сектор ги дава следниве податоци: 68 се во работен, 30 се невработени а 2 не се изјасниле.

Демографски карактеристики на испитаничките:

- *Степен на информираност по однос на семејното насислтво, неговите видови и системите на заштита и превенција*

На прашањето дали знаат дека семејното насилство е кривично дело и е казниво (Графикон бр.4) се добиени следниве податоци: 85% знаат а 14% од испитаничките не знаат дека доколку семејното наилство е кривично дело и е казниво. 1% не дале одговор на прашањето.




Графикон бр.4: 1 *Степен на информираност за семејното насилство како кривично дело*

Но, она што се разликува е податокот дека на прашањето “Дали знаете што е семејно насилство 97% од испитаничките одговориле дека знаат, 2% не знаат а 1% не дале одговор на ова прашање. Разликата се јавува во податокот што испитаничките знаат и го препознаваат семејното насиство но во помал процент од истите не знаат дека тоа е кривично дело и е казниво. Врз основа на тоа моѓе да се заклучи дека постои потреба од превземање на информативни активности и систематски птристап во информирање на женската популација од Струга регионот за податокот дека семејнотонасилство претставува кривично дело и за тоа следуваат соодветни санкции и казнување.

На прашањето дали биле сведок на семејно насилство, 43% одговориле потврдно, 55% не буле сведоци, а 2% не дале одговор на ова прашање.

83% од испитаничките знаат каде да се обратат во случај на семејно насилство, 15% не знаат каде да се обратат (што е многу приблично на процентот на непрепознавање на семејното насилство како кривично дело) а 2% од испитаничките не дале одговор на прашањето.

Од добиените резултати од спроведената анкета, кога се прави спотредба помеѓу двете општини се доаѓа до следниов заклучок: степенот на неинформираност помеѓу Охрид и Струга е различен, односно степенот на препознавање на семејното насилство како кривично дело во Охрид е поголем 98% наспроти 85% во Струга, односно 2% од испитаничките во Охрид не знаат дека семејното насилство е кривично дело и казниво, наспроти 14% во Струга.

- *Препознавање на трите основни вида на семејно насилство: Психичко, физичко и сексуално:*




Графикон бр.5: *Препознавање на трите основни вида на семејно насилство: психичко, физичко и сексуално*

Врз основа на добиените податови наведени во Графиконот бр.5, од вкупно 100 испитанички, 87 испитанички (87%) го препознава психичкото насислтво, а 10 испитанички (10%) не знаат што е психичко насилство, 2 испитанички (2%) не дала одговор. Физичкото насилство од вкупниот број на испитанички го препознаваат 95 (95%), и 3 испитанички (3%) не знаат што е физичко насилство, а 2 испитанички или 2% од вкупниот број на испитанички не дале одговор. Сексуалното насилство го препознаваат 87 (87%) од вкупниот број на испитанички, 11 испитанички (11%) не го препознаваат сексуалното насилство и 2, или 2% не дале одговор.

Од добиените одговори може да се утврди дека психичкото и сексуалното насислтво во Струга се најтешки за идентификување во, пришто се јавува потреба за информирање по однос на истото.

Исто така се утрвдува фактот дека сексуалното насилство сеуште претставува табу тема, што од друга страна повлекува потреби за превземање на систематски и конкретни активности за препознавање на истото.

Се забележува дека во Струга регионот препознавањето на видовите насилство е во многу помал степен од Охрид.

- *Степен на појава на насилство и превземање мерки по однос на казнување на истото.*




Графикон бр.6: *Степен на појава на насилство и превземање мерки по однос на казнување на истото*

Од 100 испитанички во Струга регионот, 14% одговориле дека биле жртви на семејно насилство, од кои 6% на психичко, 4% на физичко насилство а 4% и на психичко и на физичко насилство и 1% на сексуално насилство. Разликата е тука што степенот на насислтво во соодност со Охрид е поголем, но и се појавува сексуалното насилство (Графикон бр.3), 4% од жртвите побарале помош, а 1 од 14 жртви покренала кривична постапка против насилникот.

Врз основа на добиените резултати (Графикон бр.6) може да се утврди дека степенот на пријавување на насилството е многу мал, а уште е пониска стапката на покренување на кривични постапки против сторителот на истото, само во 7.1% од случаите , за разлика од Охрид каде степенот на поднесување на кривични постапки според испитаничките е 14,2%.

- *Степен на имплементација на законодавство*

Период: Јануари 2008 година – Март, 2009 година:

- ∗ ЈУ „Меѓуопштински центар за социјални работи - Струга“: евидентирани се 4 жртви на семејно насислство (сите од женски пол).
- ∗ Нема згрижени жртви на семејно насилство во Шелтер Центарот за жени и деца жртви на семејно насилство.
- ∗ Основен суд - Струга: нема покренати постапки во однос на семејно насилство.

Врз основа на добиените податоци може да се заклучи дека степенот на имплементација на законодавството во однос на семејното насилство е исклучително низок. Односно, правосилна пресуда нема, или тоа би посочувало на 0% казнување на насилникот. Доколку се направи споредба во однос на податоците за Охрид и Струга, може да се утврди дека степенот на пријавување на насилството, односно обраќањето до надлежните институции е значително понизок во Струга, отколку во Охрид.

*7. Жените и политиката*

Учеството на жената во политиката, односно во процесот на одлучување е сфера во која се забележува одреден напредок, кога станува збор за законската регулатива и позитивните мерки кои Република Македонија ги има инкорпорирано со цел зголемување на бројот на жените во политиката.

Позитивната дискриминација претставува механизам, преку кој законски ќе се обезбеди балансирано учество на жената во политиката. И покрај тоа што на ниво на Европска Унија сеуште постојат дискусии околу дефинирање на терминот “балансирано” учество, во Република Македонија, тоа е претставено со квотата од 30% учество.

- *Законски одредби по однос на учеството на жената во политиката*

Законските одредби кои се однесуваат на учеството на жената во политиката, односно во процесите на одлучување се содржани во следниве закони:

- ***Законот за политички партии*** („Службен весник на РМ„ бр. 76/2004) одредува обврска за Политичките Партии во своето дејствување да се грижат за принципот на половата еднаквост во однос на застапеноста на функции.
- ***Законот за избор на пратеници*** („Службен весник на РМ„ бр. 42/2002 и 46/2004) определува дека во предложената листа на кандидати секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%;
- ***Со Законот за локални избори*** („Службен весник на РМ, бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004) – кој одредува најмалку 30% застапеност на секој пол во горната и долната половина од листата на кандидати за членови на советот на општината и Градот Скопје. **Изборен законик** Член 65, став 5, со кој се предвидува на поднесените листи за пратеници и советници во општините и градот Скопје на секои три места, најмалку едно да биде претставено од помалку застапениот пол(*14*).
- ***Законот за еднакви можности*** (Сл. Весник на Р. Македонија 66/06), Член 6, став 3 – 2 дел: “Видови мерки за воспоставување еднакви можности” во делот на посебни мерки одредува позитивни мерки со кои во телата на власта на сите нивоа, вклучувајќи ја судската, извршната и законодавната, локалната власта како и сите други јавни установи и служби, политичките функции, комисии и одбори, вклучувајќи и учествување во телата ќто ја претставуваат државата на меѓународно ниво, учеството на жените не смее да биде помало од 40%.
- **Национален План за Родова Рамноправност 2007 - 2012,** Стратешка Цел 2, се однесува конкретно на унапредување на учеството на жената во процесот на одлучување

Во Република Македонија функционираат над 75 **Комисии за еднакви можности на жените и мажите**. Овие комисии се формирани со іницијатива на Министерството за труд и социјална политика и Единиците на локалната самоуправа во согласност со Статусот на Советите на локалната самоуправа, согласно Член 32 од Закон за Локална Самоуправа.

*7.1. Состојба Охрид – Струга регион*

Локални избори, 2009: Родова анализа на кандидатски листи и бројот на советнички при Советите во општините Охрид - Струга

Од направената анализа на кандидатските листи за членови на совет на Општина Охрид, на локалните избори 2009 може да се заклучи дека е испочитуван Законот за локални избори и „секој пол е застапен со најмалку 30% и во горната и во долната половина од листата(*15*)". Бројот на жените во советот при Општина Охрид е 6 од 23. Сите се со високо образование од кои една е докторка по медицина, а две се магистри. Само една жена беше носител на листа.

Од направената анализа на кандидатските листи за членови на совет на Општина Струга, на локалните избори 2009 може да се заклучи дека е испочитуван Законот за локални избори и „секој пол е застапен со најмалку 30% и во горната и во долната половина од листата(*16*)". Бројот на жените во советот при Општина Струга е 7 од 27. За разлика од изминатиот состав на Советот кога бројот на жените бил 4 од 27 што покажува на зголемување на бројот на жените во процесот на одлучување во оваа општина. Нема жени носителки на кандидатска листа.

– *Стереотипи по однос на учеството на жената во политиката: Охрид – Сртуга регион*

Во рамки на спроведената анкета(*17*) беа поставени прашања со цел утврдување на степенот на стереотипи за учеството на жената во политиката, односно причините за вклучување или невклученост на жените во политиката.




Графикон бр.7: *Одговор на прашањето Дали сметате дека има предрасуди за жените во политиката – анкета спроведена во Охрид регион*




Графикон бр.8: *Одговор на прашањето Дали сметате дека има предрасуди за женитее во политиката – анкета спроведена во Струга регион*

Врз основа на добиените реултати (Графикон 7 и 8) може да се утврди различен процент на мислења за предрасудите жената да се вклучи во политиката во Охрид и Струга, со тоа што според добиените одговори се смета дека предрасудите постојат по однос на учеството на жената во политиката во Струга повеќе отколку во Охрид. 38% од испитаничките во Струга сметаат дека има предрасуди по однос на учеството на жените во политиката, наспроти 23% во Охрид.

– *Причини за помало учество на жените во политиката*




Графикон бр.9: *Охрид регион: причини за помало учество на жените во политиката*

Во Охрид регионот, 35% од испитаничките сметаат дека менталитетот во градот е главната причина за помалото учество на жената во политиката, 25% сметаат дека причината се стереотипите, 22% сметаат дека обврските во семејството се причината, 5% мислат дека политиката е машка професија, а по 4% од испитаничките мислат дека сите наведени одговори се причини за помало учество на жената во политиката.

Врз основа на добиените резултати (Графикон бр.9) може да се заклучи дека менталитетот, стеротипите кои сеуште постојат по однос на жената во политиката се главните причини за тоа што жената е помалку застапена во процесот на одлучување. Балансирањето на приватниот и јавниот живот, односно обврските на жената во семејството е исто така силно изразен фактор за неучество на жената во политиката. Додека пак мислењето дека политиката е машка професија завзема мал процент од 4%.

Од тоа може да се утврди дека не постојат стереотипи меѓу жените за нивното учество во политиката, туку причинитие ги наоѓаат во менталитетот и стереотипите кои постојат по однос на нив, како и обврските во семејството, односно балансирањето на приватниот и јавниот живот.




Графикон бр. 10: *Струга регион: причини за помало учество на жените во политиката*

Според добиените резултати на прашањето кои се причини за помало учество на жените во политиката (Графикон бр.10) може да се забележи дека испитаничките причините ги наоѓаат во сите елементи со близок процент (Менталитет во градот 14%, стереотипи и други причини18%, 10% сметаат дека причините се во немањето време односно неможноста за балансирање на приватниот и јавниот живот, 8% сметаат дека политиката е машка професија, 15% сметаат дека комбинацијата од сите фактори се причина, а 13% не дале одговор на прашањето). Интересен е податокот што во Струга 4% од испитаничките сметаат дека сиромаштијата е причина за помалото учество на жените во политиката, како понуден одговор, кој во Охрид регионот, испитаничките во ниеден случај не го зеле како причина. Економската зависност на жената во Струга, според тоа е поизразена, односно се јавува како фактор за неможност на нејзино вклучување во процесите на одлучување.

Во рамките на истражувањето беа направени интервјуа со претставнички (*18*) од политички партии во Охрид и во Струга, врз основа на кои се добиени следниве заклучоци:

*Дискриминација на жената во политиката постои, но тоа не е причина за нејзино неактивирање; потребни се обуки за жените за нивно охрабрување и вклучување во процесите на одлучување; во контекст на Струга, квотите се гледаат само како механизам и мерка која треба законски да се исполни но не и како квалитативна алатка за учество на жената во политиката.*

## 8. *Жената и пазарот на труд*

- *Родов јаз, балансирање на јавен и приватен живот*

Учеството на жената на пазарот на труд претсавува една од клучните области за подобрување и постигнување на еднаквоста во рамките на родовото движење воопшто. Квалитативниот аспект на рамноправноста по однос на пазарот на трудот во себе содржи неколку сегменти: Квалитетни работни места за жените за да се постигне економска независнот на жените; Квалитетни сервиси за усогласување на работата и приватниот живот; борба со стереотипите; зајакнување на институционалните механизми во поддршката на политичките обврски и имплементација на легислативата.

**Повеќе и подобри работни места** е стратешката цел која е во основата на Лисабонската агенда. Во последните десет години е направен квантитативен прогрес во поглед на вработувањето на жените. Неколку аспекти на квалитетот на женската вработеност остануваат проблематични. Еднаквоста помеѓу жените и мажите е една од квалитативните димензии на работата кои се идентификувани од страна на Европската Комисија. Индикаторите за платите, сегрегацијата на пазарот на труд и бројот на жените во областа на процесот на одлучувањето не покажале значаен пораст веќе неколку години.

**Секторската и професионална сегрегација** врз основа на пол не исчезнува и дури се зголемува во одредени земји, а тоа е знак дека жените кои скоро се вклучиле на пазарот на труд се вклучиле во сектори и професии во кои доминирале жени.

Јазовите помеѓу жените и мажите опстојуваат во сите други аспекти на квалитетот на работното место, на пример **балансирањето на професионалниот и приватниот живот,** работни договори кои не ги користа целосно вештините на луѓето и безбедноста на работното место.

Дискриминацијата на жената на пазарот на труд постои и во однос на работните места на кои воглавно се вработуваат жени а се пониско платени, од оние работни места на кои се вработени мажите. Правно статусот на жената при вработување е регулирано во македонски контекст(*19*) преку што е обезбедена иста плата за иста работа за обата пола. Но постојат повеќе причини за помалата стапка на учество и активност на жените на пазарот на труд, разликата (јаз) меѓу платите, феминизацијата на одредени професии односно феминизација на сиромаштијата.

Стапката на вработеност според пол во Република Македонија покажува дека во текот на преиодот од 1996 до 2005 година стапката на вработеност на мажите е константно повисокаа од онаа на жените, што оди во прилог на утврдените области и причини на кои треба да се делува.

**Табела 1 Вработеност според пол, 1996 - 2005**

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Вработеност*** | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 537591 | 512301 | 539762 | 545222 | 549846 | 599308 | 561341 | 545108 | 522995 | 545253 |
| Мажи | 340579 | 328404 | 341876 | 337994 | 339550 | 357266 | 342779 | 327283 | 320640 | 332179 |
| Жени | 197013 | 183896 | 197886 | 207228 | 210297 | 242042 | 218562 | 217825 | 202355 | 213074 |
| ***Стапка на вработеност %*** | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 37.4 | 34.4 | 35.9 | 35.9 | 35.8 | 38.6 | 35.8 | 34.5 | 32.8 | 33.9 |
| Мажи | 47.5 | 44.6 | 45.4 | 44.6 | 44.7 | 46.3 | 43.5 | 41.3 | 40.2 | 41.2 |
| Жени | 27.4 | 24.4 | 26.3 | 27.2 | 27.1 | 30.9 | 28.1 | 27.7 | 25.4 | 26.6 |

*Извор: Државен завод за статистика, Анкета на работна сила*

- *Жената на пазарот на труд: степен на информираност за дискриминација врз основа на пол: Состојба Охрид –регион*

Според анкетата спроведена на територијата на Охрид, следнава секторска поделба е посочена:

Охрид: најмногу од испитаничките работат во образовниот систем, финансиското посредување. Исто така најголем дел од испитаничките работат во рамки на приватниот сектор: трговија и туризам.

Од добиените податоци може да се потврди фактот за феминизација на одредени професии, односно тука образованието се јавува како сектор во кој се најзастапени жените и во Охрид и во Струга.

Според податоците од Агенцијата за вработување на Република Македонија, според прегледот на невработени лица од женски пол според време на чекање е следниов(*20*):

| Центар за вработување | Јануар, 2009 | Февруар, 2009 | Март, 2009 | Април, 2009 | Мај, 2009 |
|---|---|---|---|---|---|
| Охрид, број на невработени жени, вкупно | 5619 | 5664 | 5669 | 5610 | 5570 |
| Струга, број на невработени жени, вкупно | 3327 | 3251 | 3310 | 3332 | 3307 |

Табела 2: Преглед на невработени лица од женски пол според време на чекање, Извор Агенција за вработување на Република Македонија

Од добиените податоци може да се утврди дека бројот на невработени жени осцилира, а разликата помеѓу Охрид и Струга е голема.

- *Дискриминација при вработување врз основа на пол*

Закон за работни односи со Член 6 и 7 забранува дискриминација врз основа на пол (и други критериуми) при вработување и во работниот однос.

**Забрана на дискриминацијата**
**Член 6**

(1)Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

(2) На жените и на мажите мораат да им бидат обезбедени еднакви можности и еднаков третман при вработувањето, напредувањето во работата, оспособувањето, образованието, преквалификацијата, платите, наградувањето, отсуството од работа, условите за работа, работното време и откажувањето на договорот за вработување.

**Директна и индиректна дискриминација**
**Член 7**

(1) Забраната на директна или индиректна дискриминација во случаите од членот 6 на овој закон се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и на работникот.

(2) Директна дискриминација, во смисла на ставот (1) од овој член, е секое постапување условувано со некои од основите од членот 6 на овој закон со кое лицето било ставено, се става, или би можело да биде ставено во понеповолна положба од други лица во споредбени случаи.

(3) Индиректна дискриминација, во смисла на овој закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса, го става или би го ставила во понеповолна положба во однос на другите лица, кандидатот за вработување или работникот поради определено својство, статус, определување или уверување од членот 6 на овој закон.

(4) Дискриминацијата, во смисла на членот 6 од овој закон, е забранета во однос на :

1. Условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа, во која било гранка на дејности и на сите нивоа на професионална хиерархија;
2. Напредувањето во работата;
3. Пристапот до сите видови и степени на стручно оспособување, преквалификација и доквалификација;
4. Условите за работење и работа и сите права од работен однос и во врска со работниот однос, вклучувајќи и еднаквост на плати;
5. Откажувањето на договорот за работа и
6. Правата на членовите и дејствувањето во здруженијата на работниците и работодавачите или во која било друга професионална организација, вклучувајќи ги и повластиците кои произлегуваат од тоа членство.

(5) Одредбите на колективните договори и договорите за вработување со кои се утврдува дискриминација на некој од основите од членот 6 на овој закон се ништовни.




Графикон бр.11: *Охрид регион: дискриминација при вработување*




Графикон бр.12*: Струга регион: дискриминација при вработување*

Во Охрид регионот од случаите кои се соочиле со дискриминација, 22% од испитаничките одговориле дека се соочиле со дскриминација врз основа на пол од кои најчесто се од областа на приватниот сектор, потоа образование и секторите  трговија и  сообраќај по 1испитаничка.

Во Струга е интересен случајот, што во скоро секоја професија односно сектор се јавува случај на дискриминација врз основа на пол при вработување, дури и во НВО секторот. По еден случај ан дискриминација се јавува во секторите: државна управа, економија, туризам, НВО сектор, фабрика, продажба, приватен сектор, образование.

- *Вознемирувањето врз основа на пол*.

Вознемирувањето врз основа на пол е исто така регулирано со Законот за работни односи(*21*) пришто е забрането и за таков акт следуваат санкции предвидени со Законот.

Но најчесто поради тешката економска состојба и економската зависност на жената, вознемирувањето врз основа на пол не се пријавува заради стравот од губењето на работното место(22).

Во 11% испитаничките од Струга буле сведоци на вознемирување врз основа на пол на работно место, 80% не биле, а 9% не дале одговор на прашањето.

Во Охрид 10% од испитаничките биле сведоци на вознемирување врз основа на пол на работно место, а 90% од испитаничките се изјасниле дека не биле сведоци. Во Охрид областите на кои е видено вознеmирување врз основа на пол се образование, приватен сектор, медиум, угостителство, додека пак во Струга се државна администрација, приватен сектор, образование, фабрика, трговија, угостителство.

## 9. *Жената и медиумите*

- *Законски одредби*

Презентирањето односно прикажувањето на жената во медиумите во Република Македонија е регулирано во Законот за радиодифузија, Член 68, радио и телевизиските програми се темелат на „...Еднаквоста на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот...”

Едновремено во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон потти-кнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национал-на, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост“ (член 69)(*23*).

Според Студијата Родово движење(*24*), во рамките на принатите медиуми има тенденција на прикажување на женската сексуалност, при што женските новинарки изјавиле дека не го оправдуваат прикажувањето на голи ќенски тела, но сепак рекламирањето зависи од побарувачката на конзумерите, односно таргет групата. Во, електронските медиуми, според овој извештај нема родови експерти, ниту па имало обуки по однос на родова сензибилизација на новинарите. Обично жените се вработуваат како новинарки а мажите како техничари. Забележано е поголемото присуство на женски лица вработени во медиумите, отколку мажи**.**

- *Состојба Охрид – Струга регион*

– Анализа на медиумски програми*(25)*

Од направената анализа, е утврдено дека локалните телевизии не учествувале во проекти и проектни активности од областа на родовата рамноправност(*26*), во рамките на својата програма обработуваат теми кои се однесуваат на родовата еднаквост, но најчесто тоа се во рамки на информативниот блок, во кои се обработуваат теми за полова еднаквост, застапеноста на жените во општествените текови, политика, социјала итн(*27*). Во медиумите жените завземаат половина од работните позиции, во работен и хонорарен однос(*28*).

Од прес клипингот кој е направен на локалните електронски медиуми во периодот Март - Мај 2009, може да се потврди дека информации од областа на женските права се презентираат само во делот на информативниот блок на локалните медиуми. Најчесто тоа се по повод на некои настани на глобално(*29*) или локално ниво, односно најчесто се презентираат настани по повод актуелни настани на ликално, национално и меѓународно ниво.

Во рамките на истражувањето, областа медиуми беше еден дел од истото. Но целта на истражувањето во областа жените и медиумите е да се види потребата од повеќе информативни емисии за жената, односно нејзините права, механизми на заштита и превенција.

Истражувањето ги даде следниве резултати во Охрид и Струга регионот:




Графикон бр. 13: *Потреба од повеќе информативни емсии од областа на женските права – Охрид регион*




Графикон Бр. 14: *Потреба од повеќе информативни емсии од областа на женските права - Струга регион*

Од анализата на одговорите може да се забележи следново:

* Од 100 испитанички од Охрид регионот, 84% сметаат дека има потреба од прикажување на повеќе информативни емисии од областа на женските права, а 16% сметаат дека нема потреба.
* Од 100 испитанички од Струга регионот, 78% сметаат дека има потреба од прикажување на повеќе информативни емисии од областа на женските права, а 20% сметаат дека нема потреба, а 2% не одговориле на ова прашање.

Врз основа на податоците за степенот на информираност по клучните области кои се дел од ова истражување, наведени погоре во студијата, може да се донесе заклучок дека:

* Во Охрид- Струга регионот медиумите и медиумските работници немале прилика да учествуваат во проекти и активности кои се однесуваат на женските права;
* Во рамки на програмските содржини не се издвојува посебен дел кој се однесува на прикажување содржини од областа на родовата рамноправност;
* Новинарите и креаторите на медиумските програми (уредниците) не учествувале на обуки во насока на нивна родова сензибилизација;
* Содржини кои се однесуваат на жени се прикажуваат само по повода на некој актуелен настан, во рамките на информативните блокови.

## 10. *Граѓанско општество: Неформален систем на превенција, и активбости во насока на унапредување на родовата рамноправност: Охрид – Струга регион, состојба и потреби*

НВО секторот, во Охрид – Струга регионот кој работи на областа на женските права, работи од 1995 година, со донесувањето на Законот за формирање Граѓански Здруженија.

Карактеристично за овој регион е тоа што се регистрирани голем број граѓански Здруженија, а се активни само неколку(*30*).

Активностите кои НВО секторот ги превзема во областа на женксите права можат да се поделат на:

* Превентивни активности;

Организациите кои работат во областа на женските права бележат голем број активности и голем број проекти од областа на унапредување на родовата рамноправност во регионот, и тоа најчесто во следниве области.

* Соработка со Локалната самоуправа и релевантни институции кои работат во областа на женски права:

  – Во сите случаи се истакнува добрата соработка со локалната власт, која е најчесто во форма на учество на настани и активности. Како метод кој е најзастапен во рамкте на формалниот систем на превенциија се одржувањето настани на кои присуствуваат претставници од релевантните исхтитуции со цел информирање на целната група за проблемот. Најзастапени форми се: Трибини, работилници, тркалезни маси.

  – Во одредени случаи се истакнува добра соработка со родовите механизми на локално ниво најчесто на иницијатива на НВО секторот, но се исто наведени случаи на слаба соработка со нив поради слабата координираност на родовите механизми на локално ниво.

  – Потреби кои најчесто ги имаат невладините организации се во релација со јакнење на капацитетите за обуки за изработка на проекти и аплицирање, лобирање, а како најголема препрека за одржливоста на организациите се јавува финснсиската зависност од странски Фондови.

Активности кои ги имаат реализирано во областите се проекти на кои имплементатори биле самите организации или биле дел од национални односно регионални проекти.

* Активности во рамки на неформалниот систем на заштита.

Во рамките на неформалниот систем на заштита спаѓа СОС линијата за жени и деца – жртви на семејно насилство, која функционира во рамки на ЖЦ Бисера – Охрид.

## 11. *Заклучоци и препораки(31)*

А) Семејно насилство: Охрид – Струга регион

- Степен на информираност меѓу женската популација дека семејното насилство е регулирано со закон и е кривично дело:

*Заклучок*:

Од анализата на податоците се утврди следнава сосотојба: Женската популација го препознава семејното насилство, но степенот на информираност дека тоа е регулирано со закон и е казниво дело  е многу понизок, пришто е понизок исто  во Струга отколку во Охрид регионот. Исто така се утврдува фактот дека има недоволна или релативно ниска информираност по однос на системите на заштита.

*Препорака 1*:

Превземање систематски, континуирани превентивни мерки со цел информирање на женската популација за: - Правното регулирање на семејното насилство како кривично дело, со цел негово казнување, законските одредби, како и системите на заштита

*Препорака 2*:

Воспоставување формална соработка помеѓу институциите кои работат во областа(Центар за Социјални Работи, Сектор за Внатрешни работи, Основните Судови. Родовите механизми во рамките на Локалната самоуправа и Соодветнирте сектори, Здравствените Институции и Невладиниот сектор) за размена на податоци и кординиран пристап при случаи на насилство.

- Препознавање на видовите насилство:

*Заклучок*:

Од добиените одговори може да се утврди дека психичкото насилство е најтешко за идентификување, пришто се јавува потреба за информирање по однос на истото.

Исто така се утрвдува фактот дека сексуалното насилство сеуште претставува табу тема, што од друга страна повлекува потреби за превземање на системастки и конкретни активности за информирање на женската популација за препознавање на истото.

*Препорака*:

Превземање кординирани активности на релевантните институиции и НВО секторот со цел конкретно, стручно и прецизно информирање на женската популација за видовите насилсtво, особено пхихичкото и сексуалното со цел негово препознавање.

– Степен на пријавување на насилството

*Заклучок*:

Степенот на пријавување на насилството е многу мал, а уште е пониска стапката на покренување на кривични постапки против сторителот на истото.

Исто може да се утврди дека степенот на неинформираност помеѓу Охрид и Струга е различен, односно степенот на познавање на семејното насилство како кривично дело во Охрид е поголем 98% наспроти 85% во Струга, односно 2% од испитаничките во Охрид не знаат дека семејното насилство е кривично дело и казниво, наспроти 14% во Струга

*Препорака*:

Превземање превентивни и едукативни мерки за информирање на женската популација за видовите насилство, пред се за сексуалното, како и системастки едукативни мерки за системот на заштита со цел повисок степен на пријавување на насилството.

– Степен на имплементација на законодавство

*Заклучок*:

Степенот на имплементација на законските одредби е многу низок. Против семејното насилство се покренуваат кривични постапки, но најчесто тие не завршуваат со изрекување казни по сторителот на кривичното дело, или се повлекуваат.

*Препорака* 1:

Превземање системастки активности со цел увид во причините за слабата имплемантација на законските одредби со кои се регулира семејното насилство како кривично дело.

*Препорака* 2:

Воведување активни политики, акциски планови со цел зајканување на женската популација заради нивно охрабрување за пријавување на насилството.

Б) Жената во политиката

– Предрасуди и причини за помалото учество на жената во политиката

*Заклучок*:

Предрасудите постојат по однос на учеството на жената во политиката во Струга повеќе отколку во Охрид. 38% од испитаничките во Струга сметаат дека има предрасуди по однос на учеството на жените во политиката, наспроти 23% во Охрид.

Менталитетот, стеротипите кои сеуште постојат по однос на жената во политиката се главните причини за тоа што жената е помалку застапена во процесот на одлучување. Балансирањето на приватниот и јавниот живот, односно обврските на жената во семејството е исто така силно изразен фактор за неучество на жената во политиката.

Економската зависност на жената во Струга, според тоа е поизразена, односно се јавува како фактор за неможност на нејзино вклучување во процесите на одлучување.

*Препорака*:

Превземање координирани, едукативни и информативни мерки за разбивање на пррeдрасудите и патријархалниот начин на гледање на учеството на жената во политиката.

– Родови механизми на локално ниво:

*Заклучок*:

Родовите механизми на локално ниво функционираат според законските одредби за истите, но се јавуваат препрепки за нивно успечно функционирање.

*Препорака*:

Превземање активности за поуспешна соработка меѓу родовите механизми на локално и централно ниво, механизми за прибирање попдатоци и нивна размена, методи за зајакнување на капацитетите на родовите механизми и посистематска соработка со НВО секторот.

В) Пазар на труд

*Заклучок*:

Од добиените податоци може да се потврди фактот за феминизација на одредени професии, односно тука образованието се јавува како сектор во кој се најзастапени жените и во Охрид и во Струга

Дискримнацијата врз основа на пол при вработување и на работното место постои во приближно ист процент и во Охрид и Струга регионот.

*Препорака*:

Превземање систематски превентивни мерки за информирање за системите на заштита, како и за дискриминацијата врз основа на пол при вработувањ на работното место и вознемирувањето врз основа на пол на работно место со цел казнување на истото.

Г) Жената и медиумите

*Заклучоци*:

Сеуште постојат стереотипи по однос на прикажувањето на жената во медиумите, Постои потреба од повеќе информативни емисии од областа на женските права;

Врз основа на податоците за степенот на информираност по клучните области кои се дел од ова истражување, наведени погоре во студијата, може да се донесе заклучок дека:

* Во Охрид- Струга регионот медиумите и медиумските работници немале прилика да учествуваат во проекти и активности кои се однесуваат на женските права;
* Во рамки на програмските содржини не се издвојува посебен дел кој се однесува на прикажување содржини од областа на родовата рамноправност;
* Новинарите и креаторите на медиумските програми (уредниците) не учествувале на обуки во насока на нивна родова сензибилизација;
* Содржини кои се однесуваат на жени се прикажуваат само по повода на некој актуелен анстан, во рамките на информативните блокови.

*Препорака*:

Превземање сериозни едукативни мерки за медиумските работници, новинари и уредници со цел инкорпорирање на програмски содржини со едукативен карактер од областа на женските права.

Д) НВО сектор

*Заклучок*:

Граѓанските здруженија работат во областа спроведуваат активности во регионот кои се кампањски и зависни од странски фондови.

*Препорака*:

Зајакнување на капацитетите на граѓанските здруженија во насока на нивно систематско делување во областа.

**Фусноти**

1) Бр. 04-0806/1, од 05.08.2008 год, Скопје: www.mtsp.gov.mk.
2) Правилник за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика, стр. 20. www.mtsp.gov.mk.
3) Правилник за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика, стр. 20. www.mtsp.gov.mk.
4) Национален план за родова рамноправност, 2007 – 2012, www.mtsp.gov.mk.
5) Национален план за родова рамноправност, 2007 – 2012,www.mtsp.gov.mk.
6) Деловник на Собранието на Република Македонија, Број 07-2955/1, 18 јули 2008 година, Скопје: www.sobranie.mk.
7) Превземено од www.sobranie.mk.
8) Извор: податоци добиени од Секторот за еднакви можности, Министерство за труд и социјална политика.
9) Интервјуа беа одржани со Претседателката на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, Г-ѓа Каролина Буџакоска и членка на Комисијата, г-ѓа Виолета Мицкоска од Охрид во јуни, 2009. Во времето на спроведувањето на истражувањето, Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите од Струга не беше формирана, заради скорешните Локални избори, 2009.
10) Координатор за еднакви можности при општина Охрид, г-дин Димитрија Вревезовски; Координатор за еднакви можности при општина Струга, г-дин Муним Бајрактари. Интервјуата беа одржани во мај, 2009 година.
11) Антидискриминаторски одредби, како и одредби за заштита на правата на жената врз основа на пол има во повеќе закони: *Закон за работни односи (Службен весник на РМ, бр. 60/2005); Кривичниот законик* („Службен весник на РМ„ бр. 28/91, 24/92, 49/93, 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003 и 19/2004), *Закон за радиодифузија*(Член 68, 69), *Законот за извршување на санкции* („Службен весник на РМ„ бр. 3/97, 23/99); *Законот за средно образование* („Службен весник на РМ„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 67/2004) *Законот за високо образование* („Службен весник на РМ„ бр. 64/2000 и 49/2003) *Законот за здруженијата на граѓани и фондации* („Службен весник на РМ„ бр. 31/98); *Законот за политички партии* („Службен весник на РМ„ бр. 76/2004); *Законот за судовите* („Службен весник на РМ„ бр. 36/95, 45/95 и 64/2003);*Законот за избор на пратеници* („Службен весник на РМ„ бр. 42/2002 и 46/2004); *Законот за локални избори* („Службен весник на РМ„ бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004); Изборен Законик; Законот за наследување и Законот за семејство;З*акон за култура*(„Службен весник на РМ„ бр.66/2003-Пречистен текст). Извор: Национален план за родова еднаквост на Република Македонија, 2007 – 2012.
12) Извор: Национален план за родова рамноправност, 2007 – 2012, www.mtsp.gov.mk.
13) Извор: Национален план за родова рамноправност, 2007 – 2012, www.mtsp.gov.mk.
14) Извор: Национален план за родова рамнноправност на Република Македонија, www.mtsp.gov.mk.
15) *Законот за локални избори* („Службен весник на РМ, бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).
*16) Законот за локални избори* („Службен весник на РМ, бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).

17) Методологијата на анкетирањето и демографијата на испитаничките е објаснета во текстот.
18) Г-ѓа Сервер Шашко, членка на Советот на општина Струга од изминатиот мандат, и г-ѓа Верица Хајба - од Охрид, носителка на листа на локалните избори, 2009.
19) Закон за Работни односи *(Службен весник на РМ*, бр.60/2005).
20) Извор Агенција за вработување на Република Македонија.
21) Вознемирување и полово вознемирување

Член 9

1. Забрането е вознемирување и полово вознемирување.
2. Вознемирувањето и половото вознемирување претставува дискриминација во смисла на членот 6 од овој закон.
3. Вознемирување, во смисла на овој закон, е секое несакано однесување предизвикано од некој од случаите од членот 6 на овој закон кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување.
4. Полово вознемирување, во смисла на овој закон, е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување.

22) Заклучоци од Форуми на тема:Жената и пазарот на труд во Охрид – Струга регионот (Присутна е дискриминацијата при вработување по однос на можноста жената да стапи во брак и да има деца. Истакнати случаи за потпишување на Договори во кој се обврзуваат да немаат деца во првите години од работниот век; - Сеуште е многу присутна дискриминацијата врз основа на пол при огласување на работни места врз основа на возраст и пол:- Јазот во плаќањето (еднаква плата за исто работно место) не е многу забележан; - Половото вознемирување на работно место е присутно, но сеуште постои стереотип, страв и срам за објавување на истото. (посочени примери); - Половото вознемирување е поврзано со сеуште силно присутниот стереотипен менталитет во поглед кон жената.
23) Извор Национален план за родова рамноправност, 2007 -2012.
*24) www.adi-macedonia.org.*
25) За потребите на истражувањето беше направена анализа на програмскиот дел на локалните медиуми, преку барање за доставување информации за активности од областа на женските права). Барање беше доставено до 3 локални телевизии, две радио станици и еден месечен весник (АМАК прес, Ohrid news, Радио Охрид, Супер Радио, ТВМ – Охрид, НТВ, ТВ Морис).
26) Телевизија ТВМ е дел од проектот “Чекор кон родва еднаквост” во делот за медиумска кампања, и ова е прв проект од ваков вид во кој се вклучени.
27) НТВ телевизија, ТВМ и Супер Радио.
28) ТВМ: вкупно 13 вработени од кои 8 жени/ НТВ вкупно 6 вработени од кои 3 жени/ Супер Радио вкупно 15 вработени од кои 4 жени. ТВМ и НТВ имаат главни уредници жени.

29) Во рамките на празнувањето на Меѓународниот ден на жената, 8 -ми Март, во Охрид – Струга регионот од анализата на медиумите, беа добиени следниве податоци: На десет локални телевизиски и радио станици и електронски медиуми, за 8 -ми Март беа посветени 13 прилози од кои 7 се однесуваа на празникот а 6 беа во рамките на кампањските активности на политичките партии за локалните и претстедателските избори 2009.
30) За потребите на истражувањето беше испратен Прашалник до активните НВО- и во Охрид – Струга регионот: ЖЦ Бисера и Младински Совет од Охрид; Организација на жени - Струга, Здружение на жени – Езерка, Здружение на Власи ЗГ М Бела, и ЗРА Аква од Струга.
31) Заклучоците и препораките од областа на превентивните активности се однесуваат на генералната женска популација, но со особен акцент на младата популација до 35 години, која опфаќа над 40% од вкупниот број на испитанички.